# ЗАПИСНИК

***Од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 25 октомври 2011 година, сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа: г.Сандор Матјуш од Амбасадата на Република Унгарија во Република Македонија, г-ѓа Марта Прзениосло, заменик-шеф на мисија, Амбасада на Република Полска во Република Македонија и г-ѓа Марина Курте, советник за европски интеграции и правни прашања во Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Илија Димовски, г. Александар Спасеновски, г. Тито Петковски, г. Гордан Георгиев, г. Антонијо Милошоски и г. Кенан Хасипи, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Арбен Љабеништа, пратеник и заменик член на Советот, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Антони Пешев од Стопанската комора на Македонија, г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, г. Слободан Антовски од Унијата на независни и слободни синдикати на Македонија, г. Томе Колев од Католичката црква, г. Митко Алексов од Сојузот на стопански комори на Македонија, г. Бобан Митевски од Македонска православна црква и г-ѓа Тинка Заева од Евангелско - методистичка црква.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

## Дневен ред

- *Усвојување на записникот од Првата седница одржана на 7 септември 2011 година*
- *Усвојување на записникот од Втората седница одржана на 29 септември 2011 година*

1. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година;
2. Предлог - Деловник на Националниот совет за евроинтеграции;
3. Предлог - План на активности на Националниот совет за евроинтеграции;
4. Предлог - Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2011 година.

Записниците од Првата седница одржана на 7 септември 2011 година и Втората седница одржана на 29 септември 2011 година, беа усвоени едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, г-ѓа Теута Арифи, ги изнесе размислувањата по однос на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година и констатациите кои произлегуваат од истиот.

Госпоѓа Арифи оцени дека Извештајот на Европската комисија е позитивен, најпрво поради фактот што Комисијата ја повторува препораката за отпочнување на пристапните преговори, што за земјата претставува најголем и најпозитивен елемент од Извештајот.

Беше даден краток пресек на содржината од Извештајот, односно трите области: политички критериуми, економски критериуми и делот на acquis-то. Во однос на политичките критериуми, највања дефиниција е дека како земја продолжуваме да ги исполнуваме критериумите во однос на членството во ЕУ. Во Извештајот позитивно се оценети: успешното спроведување на последните парламентарни избори спроведени по меѓународни стандарди, реализирањето на политичкиот дијалог во Собранието на Република Македонија после изборите и процесот на градење на коалицијата и реализацијата на обврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Се бараат поголеми напори и работа во две идентификувани сфери - реформите во судството и јавната администрација.

Во однос на исполнувањето на економските критериуми, Извештајот на Комисијата нотира напредок во создавањето на функционална пазарна економија, енергетиката и фискалната модернизација, но исто така се подвлекува дека и во овој дел треба да се работи повеќе во делот на другите реформи во рамките на економскиот систем.

Во делот кој се однесува на хармонизацијата на законодавството на Република Македонија со правото на ЕУ, г-ѓа Арифи истакна дека се поздравува динамиката на хармонизацијата и посебно улогата и придонесот на Собранието во овој процес. Се очекува побрза имплементација на законодавството, со цел граѓаните да ги почувствуваат позитивните страни од хармонизираното законодавство.

По завршување на јавната дебата за Извештајот за напредокот на Република Македонија, многу е важно да се пристапи кон брзо и конкретно адресирање на сите забелешки адресирани во Извештајот. Госпоѓа Арифи информираше дека во заклучна фаза е вториот Акциски план за вториот дел од листата на задачи од Унијата, во кој се адресирани задачите со рок на нивна реализација до крај на месец мај 2012 година. До средината на декември оваа година, Владата на Република Македонија ќе ја донесе ревизијата на НПАА за 2012 година, во која ќе се адресираат сите прашања нотирани во Извештајот на Европската комисија за напредокот во 2011 година.

Во расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Антонијо Милошоски, г.Гордан Георгиев, г. Илија Димовски, г. Тито Петковски, г. Кенан Хасипи, пратеници и членови во Советот; г. Арбен Љабеништа, пратеник и заменик-член во Советот, г.Димитар Мирчев член на Националниот совет и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Антони Пешев претставник од Стопанската комора на Македонија и г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија.

По однос на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година на седницата на Националниот совет за евроинтеграции беа предложени следните заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија

во Европската унија и истакнува дека препораките од Стратегијата за проширување и главите предизвици 2011-2012, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот.

2. Советот смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2011 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за превземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти.
3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено за зајакнување на имплементацијата на усвоените закони гарантирањето на слободата на изразување во медиумите, јакнењето на независноста на судството, реформите во јавната администрација и борбата против корупцијата, со цел превземање на обврските од претпристапните преговори.

   Во оваа насока, Советот предлага Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2011 година, со носители и рокови за реализација.
4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, зголемување на промоцијата на евроинтеграцијата на локално ниво, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори.
5. Придвижувањето на пристапниот процес за Република Македонија во следна фаза од европската интеграција ќе биде придобивка за реформскиот моментум, климата на меѓуетничките односи и ќе има позитивно влијание врз регионот.
6. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2011 година, Советот укажува на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот.
7. Советот ги повикува земјите членки на ЕУ согласно повторениот предлог на Европската комисија, без одложување да одобрат преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна.
8. Советот со жалење го нотираше отсуството на употребата на придавката „македонски“ во Извештајот на Европската комисија.

   Советот ја повикува Европската комисија, согласно принципот на почитување на европските различности, без одлагање да ја преиспита употребата на придавката „македонски“ во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија, а согласно званичната терминологија на Обединетите нации.
9. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение за прашањето за името, под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес. Националниот совет за евроинтеграции ја нагласува потребата за удвојување на напорите за доаѓање до заемно прифатливо решение без натамошно одложување.

   Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции како тело кое што го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение.
10. Советот ја нагласува потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што нè

поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

Советот ја нагласува важноста од зајакнување на учеството на Република Македонија во регионалните активности и проекти иницирани преку Регионалниот совет за соработка и идни проекти во рамките на новата финансиска перспектива за Стратегијата Европа 2020.

11. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.
12. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.
13. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.
14. Заклучоците на Советот да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност.

Во расправата по текстот на предлог-заклучоците со свои предлози, сугестии и препораки учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Антонијо Милошоски пратеник и член на Советот и г.Димитар Мирчев, член на Советот и претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Во однос на текстот на предлог-заклучоците членот на Советот г. Антонио Милошоски даде предлог за измена на ставот 1 во точката 3 со следниот предлог "Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на посочените слабости, со цел превземање на обврските од претпристапните преговори".

Исто така од страна на членот на Советот г. Антонијо Милошоски беше даден предлог за измена на став 2 од точката 9 со следниот текст "Националниот совет за евроинтеграции ја нагласува потребата за одржување од грчко македонскиот дијалог и вложување на дополнителни напори за изнаоѓање на компромисно решение. Советот нагласува дека билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми".

Членот на Советот и претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г. Димитар Мирчев даде предлог во точката 3 во став 1, зборот "сериозност" да се замени со зборот "одговорност", и во точката 8 во став 2 зборот "употребата" да се замени со зборот "неупотребата".

Предлогот на г. Димитар Мирчев за измена на точка 3 во став 1 и точка 8 во став 2 беше оценет дека го подобрува текстот на предлог-заклучоците и од оваа причина Советот го прифати.

Советот го прифати и предлогот на г. Антонијо Милошоски за измена на став 2 од точката 9 од предлог заклучоците.

За предлогот на г.Антонијо Милошоски за измена на точката 3 во ставот 1 од предлог-заклучоците, на седницата на Советот не беше постигнат консензус. Од оваа причина Советот не усвои заклучоци по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.

Членот на Советот г. Кенан Хасипи побара во записникот од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции да се нотира дека за текстот на предлог-заклучоците

беше постигната согласност во Советот, освен за текстот од точката 3, за која на седницата не беше постигнат консензус.

**ТОЧКА 2: Предлог-Деловник на Националниот совет за евроинтеграции.**

Во расправата со свои дискусии, сугестии и предлози учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот и г. Димитар Мирчев член на Советот и претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Советот со консензус го усвои Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции.

**ТОЧКА 3: Предлог -План на активности на Националниот совет за евроинтеграции**.

Советот со консензус го усвои Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот октомври 2011-октомври 2012 година

**ТОЧКА 4: Предлог - Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2011 година.**

Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2011 година според кој Советот до крајот на декември 2011 година ќе организира јавни расправи за следните пет закони кои се дел од НПАА ревизија 2011 година:

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации;
2. Закон за изменување на Законот за волонтерство;
3. Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор;
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција,
5. Закон за безбедносно-разузнавачките служби на Република Македонија.

Седницата на Советот заврши во 12.55 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции и списокот на присутни членови на Советот и нивни заменици, претставници на Советот и нивни заменици.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

Бр. 30-1215/1
15.03.2012

Република Македонија
Собрание на Република Македонија
Скопје

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Даниела Велковска**

Изработил : Ц. Најдески
Контролирал : И.Коробар
Одобрил: Д. Велковска